РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONË E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 01-1366/1
12-03-2026 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# УПАТСТВО ЗА ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ЗА ПРОДАЖБА НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ И КОНФИСКУВАН ИМОТ

Скопје Март 2026 година

CamScanner

Врз основа на член 21 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24,37/25, 86/25, 101/25 и 135/25 ), Директорот на Агенцијата за управување со одземен имот го донесе следното:

## УПАТСТВО ЗА ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ЗА ПРОДАЖБА НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ И КОНФИСКУВАН ИМОТ

### I. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Право на учество на јавното наддавање имаат:

1.Физички лица

2.Правни лица: домашно правно лице, правно лице во мешовита сопственост и правно лице основано од странско физичко и правно лице, регистрирано во Централен регистар на Република Македонија и

### II. НЕМААТ ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

На јавното наддавање не смеат да учествуваат:

Лица вработени во АУОИ, други лица кои службено учествувале во постапката, осуденото лице против кое се водела судската или прекршочната постапка, брачен другар, вонбрачен другар, роднини во права линија или до четврти степен во странична линија на вработените и на осуденото лице или лицето против кое се водела судската или прекршочната постапка, правни лица или одговорни лица во правните лица или бранител или правен застапник на правното лице во кое осуденото лице е сопственик на најмалку 25 % од сите акции или се наоѓа на раководна позиција.

### III. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање, согласно условите од електронската објава.

CamScanner

1.Електронска пријава, пополнета од самиот подносител-лицитатор, во која се наведени неговите податоци во пријавата

2.Промени или откажување

Доколку не постојат технички услови да се спроведе електронско јавно наддавање, подносителите на комплетните пријави ќе бидат дополнително известени со писмено или телефонско известување за тоа на кој начин ќе се спроведе јавното наддавање.

## IV. ДОСТАВА НА ДОКУМЕНТИ

Пријавите со сите потребни документи ( кои се наведени во огласот) се доставуваат во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот или се испраќаат преку пошта на адресата на Агенцијата за управување со одземен имот.

## V. ПОЧЕТНА ЦЕНА НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Почетната цена на јавното наддавање е видна на самиот монитор.

## VI. ГАРАНЦИЈА (ДЕПОЗИТ) ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

1.Гаранцијата (Депозитот) за учество на јавното наддавање изнесува 10 % од почетната цена на јавното наддавање и се плаќа во денари.

2.Гаранцијата (Депозитот) се уплатува на образец ПП 50 вирмански, на депозитната буџетска сметка на Агенцијата за управување со одземен имот 040136140969619 – Приходна шифра 725939 програма 20 со цел на дознака „депозит за јавно наддавање за лицитација бр. ___“, а за физички лица во цел на дознака задолжително да се напише бројот на трансакциска сметка.

3.Гаранцијата (Депозитот) се враќа на подносителите на пријавите за јавно наддавање кои нема да добијат во јавното наддавање.

4.На понудувачите чии понуди не се прифатени им се земаат податоци кои што ќе послужат за враќање на депозитот во согласност со Објавата на начин на кој е извршена уплатата.

CamScanner

5.Гаранцијата (Депозитот) нема да му биде вратен на најповолниот понудувач кој понудил највисока цена, ако во определениот рок од 15 дена не ги уплати средствата.

6.Гаранцијата (Депозитот) му се враќа на учесникот кој што е погласен за купувач, откако ќе изврши уплата на целиот износ од остварената продажба.

## VII. ПОСТАПКА НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

1.На денот на електронското јавно наддавање учесниците пристапуваат на web страната со корисничко име и шифра.

2.Електронското јавно наддавање може да отпочне со најмалку двајца учесници на јавното наддавање и тоа за секој одземен предмет или конфискуван имот посебно.

3.Електронското јавно наддавање го следи Комисија, формирана од директорот на Агенцијата.

4.Електронското јавно наддавање започнува со објавување на почетната цена на одземениот предмет или конфискуваниот имот кое е предмет на објавата, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците поединечно и постапно.

5.Наддавањето се врши „чекорно“ со зголемување на вредноста со секој „чекор“.

- првиот чекор е потврдување на понудената почетна продажна цена која е објавена во огласот.

- вториот чекор е отпочнување со наддавање со понуда на повисока цена од почетната, а согласно опишаното во точка а.дел VII од ова упатството.

а. Автоматско зголемување на понудата (ден):

- Со тековна понуда од почетна цена до 100 ден. автоматското зголемување на понудата е 0,20 ден.
- Со тековна понуда од 100 ден. до 10 000 ден. автоматското зголемување на понудата е 100 ден.
- Со тековна понуда од 10 000 ден. до 100 000 ден. автоматското зголемување на понудата е 500 ден.

CamScanner

- Со тековна понуда од 100 000 ден. до 500 000 ден. автоматското зголемување на понудата е 1 000 ден.
- Со тековна понуда над 500 000 ден. и повеќе, автоматското зголемување на понудата е 2000 ден.

6.Електронското јавно наддавање ќе трае еден час и триесет минути (1 час и 30 минути). Времето на започнување и на завршување на наддавањето ќе биде наведено во огласот кој се објавува во два (2) дневни весници и на веб страната на Агенцијата за управување со одземен имот и тоа за секој предмет поединечно, како и на самиот систем за јавно наддавање. На сите уредно пријавени купувачи им се овозможува пристап до електронскиот систем за наддавање за предметот за кои се пријавиле и имаат право да учествуваат во наддавањето и да ги даваат своите понуди во текот на целиот период на траење на наддавањето . Јавното наддавање се смета за завршено по истекот на утврдениот термин од еден час и триесет минути.

7. Учесникот во наддавањето кој до моментот на завршување на терминот за јавно наддавање, дал последна највисока понуда, се стекнува со статусот најповолен понудувач.

8.Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена по завршувањето на јавното наддавање да ги уплати средствата согласно постигната крајна цена од наддавањето.

9.Купувачот е должен веднаш по заклучувањето на јавното наддавање 7 % од понудената цена да уплати на посебна приходна шифра на депозитната сметка на Агенцијата за управување со одземен имот, додека останатиот дел, односно 93% од понудената цена на друга посебна приходна шифра на депозитната сметка на Агенцијата. (изгледот на уплатницата со потребните податоци за уплатата ќе бидат во прилог на ова Упатство).

10.Доколку купувачот не ја уплати цената во рок од петнаесет дена од заклучувањето на јавното наддавање се смета дека купувачот се откажал од купениот предмет и внесената гаранција од него служи за покривање на трошоците настанати при спроведувањето на целокупната постапка за продажба и средствата се трансферираат на сметката на самофинансирачки активности.

11.Доколку се работи за материјални добра од странство купувачот е должен да ги надомести царинските увозни давачки.

CamScanner

VIII. Со донесдување на ова Упатство за постапка за спроведување на јавно наддавање за продажба на одземени предмети и конфискуван имот , Упатството за постапка за спроведување на јавно наддавање за продажба на одземени предмети и конфискуван имот бр.01-903/1 од 20.02.2025 година и Измената и дополнувањето на упатство за постапка за спроведување јавно наддавање за продажба на одземени предмети и конфискуван имот бр.01-903/2 од 23.04.2025 година, СЕ СТАВААТ ВОН СИЛА.

Број: 01-1366/1
Скопје 12-03-2026

Директор на

Агенција за управување со одземен имот

Ирена Илиевска